# ПРИЛОГ 5А: ПРИНЦИПИ НА НАПЛАТА И ФАКТУРИРАЊЕ

## 1.Вовед

1.1. Основа за пресметка на надоместоците се одредбите содржани во Глава 3 член 10 од Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства. Надоместоците се ориентирани според трошоците на Македонски Телеком АД.

1.2. Елементите за наплата наведени во Прилог 5 (Надоместоци) содржат еднократни и месечни надоместоци.

1.3. „Еднократен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да го плати на Македонски Телеком АД со првата употреба на дадената Услуга.

1.4. „Месечен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да го плаќа редовно, на месечна основа, на Македонски Телеком АД за користење на дадената Услуга, без оглед на фактичкото користење.

1.5. Еднократните Надоместоци и Месечните Надоместоци содржани во оваа Понуда сочинуваат една целина, т.е. измена на било кој елемент на надоместоците бара измени и на други надоместоци, според методологијата за алоцирање на трошоци. Новите надоместоци се предмет на одобрување од страна на Агенцијата за електронски комуникации.

1.6. Еднократните Надоместоци и Месечните Надоместоци содржани во оваа Понуда важат согласно датумот наведен во одобрувањето на надоместоците од страна на АЕК.

1.7. Надоместоците наведени во Прилог 5 (Надоместоци) се без ДДВ.

1.8. По откажувањето на Услугата или по раскинување на Договорот, Македонски Телеком АД не е обврзан да му го рефундира Еднократниот Надомест на Операторот - корисник.

1.9. После примената Барање за пристап до физичката инфраструктура и користење на специфични мрежни средства од Операторот-корисник, Македонски Телеком АД го обработува Барањето и праќа одговор до Операторот-корисник. После испратениот одговор Македонски Телеком АД има право да фактурира Надомест за подготовка на одговор на барање согласно точка 1.1 од Прилог 5 од оваа РПП.

**1.10.** Доколку после примениот одговор на Барање за пристап до физичката инфраструктура и специфични мрежни средства Операторот-корисник одлучи дека ќе ги користи услугите на Македонски Телеком АД, Македонски Телеком АД и Операторот – корисник меѓусебно се договараат кој ќе го изработи техничкото решение како дел од Индивидуалниот договор за пристап. Ако техничкото решение го изработува Македонски Телеком АД, тогаш Македонски Телеком АД го доставува техничкото решение кај Операторот – корисник и по доставата на истото има право да му фактурира на Операторот – корисник Надомест за изработка на техничко решение.

**1.11.** После склучувањето на Индивидуалниот договор за пристап се пристапува кон изведба на техничкото решение. Македонски Телеком АД има право да фактурира Надомест за изведба на техничко решение во согласност со прифатеното техничко решение од страна на Операторот-корисник, за сите извршени работни активности (градежни работи, вовлекување на цревa, каблирање, спојување на кабли и друго).

**1.12.** После склучувањето на индивидуалниот договор и извршеното обезбедување на пристап на кабелската канализација на Македонски Телеком АД, Македонски Телеком АД има право да фактурира Месечен Надомест за изнајмување на цревa за секоја дефинирана траса на цревa. Исто така, Македонски Телеком АД има право да фактурира Месечен Надомест за поставување на резервен оптички кабел, Месечен Надомест за поставување на резервен оптички кабел заедно со спојница во зависност од тоа во колку кабелски шахти кои се зафатени од Операторот-корисник има резервен кабел или резервен кабел заедно со спојница. Сите детали за тоа колку ресурси се искористени се наоѓаат во прифатеното техничко решение.

**1.13.** После склучувањето на индивидуалниот договор и извршеното обезбедување на неискористено оптичко влакно (dark fiber), Македонски Телеком АД има право да фактурира Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во примарна мрежа (dark fiber), Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во секундарна мрежа (dark fiber) или Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во Агрегацискиот сегмент (dark fiber) во зависност од тоа во кој сегмент на пристапната мрежа на Македонски Телеком АД е обезбеденото неискористено оптичко влакно. Сите детали за тоа во кои сегменти на мрежата на Македонски Телеком АД е обезбедено неискористеното оптичко влакно и колку е должината на истото се наоѓаат во прифатеното техничко решение.

## 2.Надоместоци

### 2.1 Еднократни и Месечни Надоместоци

**2.1.1** Македонски Телеком АД ќе наплаќа Еднократен Надомест за обезбедување на секоја услуга за која е дефиниран надомест во Прилог 5 од оваа Понуда. За активностите содржани во член 1.3 во Прилог 5 (Надоместоци) за кои не е однапред утврдена висината на надоместот, плаќањето ќе се врши по одобрување на спецификацијата на услугата од страна на Операторот-корисник.

**2.1.2** Македонски Телеком АД ќе наплаќа Месечен Надомест за обезбедување на секоја услуга за која е дефиниран надомест во Прилог 5 од оваа Понуда.

**2.1.3** Доколку во случај денот на обезбедување на дадената Услуга не е првиот работен ден во месецот, или кога денот на завршување на Услугата не е последниот ден во месецот, Македонски Телеком АД ќе наплати Месечен Надомест само за оние денови во кои била обезбедена услугата, на таков начин што овој Надомест ќе претставува 1/30 (триесетти) дел од Месечниот Надомест за секој ден. Секој започнат период од 24 (дваесет и четири) часа ќе се смета за цел ден.

## 3. Фактурирање

### 3.1 Основни барања за фактурирање

**3.1.1** Македонски Телеком АД ќе подготви фактура за операторот – корисник за Услугите обезбедени според Договорите склучени врз основа на РПП со содржина регулирана со применливите финансиски правила.

**3.1.2** Македонски Телеком АД ќе ја испрати фактурата на адресата на операторот – корисник.

**3.1.3** Во случај на промена на адресата, операторот – корисник ќе го извести Македонски Телеком АД најмалку 1 (еден) месец однапред.

**3.1.4** Основните податоци за фактурирање ќе се чуваат од страна на Македонски Телеком АД до 12 (дванаесет) месеци по датумот на фактурирање.

### 3.2 Процедура за фактурирање

**3.2.1** Фактурите за Месечните Надоместоци можат да бидат доставени од страна на Македонски Телеком АД до операторот – корисник најрано на 5 (петтиот) ден од соодветниот месец.

## 4. Плаќање

### 4.1 Услови на плаќање

**4.1.1** Операторот – корисник ќе ги плаќа Надоместот/Надоместоците за Услугата по фактурата на Македонски Телеком АД - во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на фактурата - со трансфер на пари на банкарската сметка со број наведен на фактурата.

**4.1.2** За датум на прием на фактурата ќе се смета 5 (петтиот) календарски ден по издавањето на фактурата.

**4.1.3** Датумот кога износот е префрлен на банкарската сметка на Македонски Телеком АД ќе се смета за датум на плаќање.

## 4.2 Задоцнето плаќање

**4.2.1** Доколку Страната Барател нема никаков приговор на износот наведен на доставената фактура, но не го плати фактурираниот износ, Страната Барател ќе плати законска казнена камата.

**4.2.2** Законската казнена камата ќе се наплаќа од денот кој следи по датумот на доспевање.

## 4.3 Банкарска гаранција

### 4.3.1 Обезбедување на банкарска гаранција

**4.3.1.1** Предуслов за стапување и останување на сила на Договорите склучени врз основа на Референтната понуда за пристап е операторот – корисник да обезбеди банкарска гаранција која е безусловна, неотповиклива, и може веднаш да се активира - исплатива по прво барање на Македонски Телеком АД, како корисник, со важност за период од 1 (една) година.

Банкарската гаранција треба да биде издадена од големите или средните банки со седиште во Република Македонија кои работат според Законот за банки, а согласно класификацијата на Народна Банка на РМ:

- а) Комерцијална банка АД Скопје;
- б) НЛБ Тутунска банка АД Скопје;
- в) Стопанска банка АД Скопје;
- г) Стопанска банка АД Битола;
- д) Охридска банка АД Охрид;
- ѓ) ПроКредит банка АД Скопје;
- е)Халк Банка АД Скопје;
- ж)Универзална Инвестициона Банка АД Скопје
- з) Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
- ѕ) Централна Кооперативна Банка АД Скопје
- и) Еуростандард

**4.3.1.2** Формуларот за Банкарска Гаранција - со потребните содржински компоненти - е даден во Додаток 4(Формулар за Банкарска Гаранција).

### 4.3.2 Одредување на првиот износ на банкарската гаранција

Првиот пат, износот на банкарската гаранција ќе биде еднаков на износот на Надоместоците за Услуги плус ДДВ кои операторот – корисник треба да ги плати – врз основа на поднесеното Почетно Предвидување - на Македонски Телеком АД за првите 4 (четири) месеци од стапувањето на сила на Општиот Договор за пристап до првото ревидирање на износот на банкарската гаранција. Страните ќе се договорат за износот на банкарската гаранција пред обезбедувањето на банкарската гаранција од операторот – корисник.

### 4.3.3 Редовно ревидирање на износот на банкарската гаранција

**4.3.3.1** Износот на банкарската гаранција ќе се ревидира од Страните на месечна основа од 5 (петтиот) месец по стапувањето на сила на Договорите на следниот начин:

**а)** Во првиот чекор на ревидирањето, Страните ги пресметуваат вкупните Надоместоци за Услуги кои и се фактурирани на операторот – корисник во 4 (четирите) месеци пред ревидирањето.
**б)** Во вториот чекор на ревидирањето, Страните ја споредуваат вредноста пресметана во горенаведената под-точка а) со фактичкиот износ на банкарската гаранција обезбедена од операторот – корисник  и постапуваат согласно долу наведената Точка 4.3.3.2 или Точка 4.3.3.3, во зависност од резултатот.

**4.3.3.2** Доколку резултатот од ревидирањето покаже дека новиот износ на банкарската гаранција пресметан според Точка 4.3.3.1 а) е најмалку 20 (дваесет) проценти повисок од фактичкиот износ на банкарската гаранција обезбедена од операторот – корисник, тогаш операторот – корисник во рок од 15 (петнаесет) дена ќе ја измени банкарската гаранција во согласност со новиот износ.

**4.3.3.3** Доколку резултатот на ревидирањето покаже дека новиот износ на банкарската гаранција пресметан според Точка 4.3.3.1 а) е понизок од фактичкиот износ на банкарската гаранција обезбедена од операторот – корисник , тогаш операторот – корисник  може да ја измени банкарската гаранција во согласност со новиот износ.

**4.3.3.4** Во текот на периодот на важење на Договорите, операторот – корисник  ќе ја обновува банкарската гаранција на годишна основа, најмалку 30 (триесет) дена пред истекот, дури и ако износот на банкарската гаранција не се измени како резултат на ревидирањето во согласност со член 4.3.3.1.

### 4.3.4 Активирање на банкарската гаранција

**4.3.4.1** Македонски Телеком АД може да ја активира банкарската гаранција

**а)** доколку е исполнет кој било од условите за вонредно раскинување; или
**б)** во случај на раскинување на Договорот и доколку операторот – корисник не ја исплатил или ја исплатил само делумно обврската која произлегува од Договорот.

Во тој случај Македонски Телеком АД може од банкарската гаранција да го повлече износот за фактурите кои се доспеани, но сеуште не се платени од операторот – корисник.

**4.3.4.2** Доколку износот кој е повлечен од банкарската гаранција надминува 30 (триесет) проценти од вкупниот износ на банкарската гаранција, операторот – корисник ќе ја обнови банкарската гаранција во вкупниот износ во рок од 15 (петнаесет) дена.

# 5. Приговор

## 5.1 Поднесување на приговор по фактура

5.1.1 Приговор по фактура може да се поднесе само за формата на фактурата и за ставка(и) од фактурата.

5.1.2 Доколку операторот – корисник има било каков приговор во врска со формата на примената фактура, треба да поднесе писмен приговор до Македонски Телеком АД истовремено со враќање на оригиналната фактура.

5.1.3 Доколку операторот – корисник има приговор во врска со ставка(и) од фактурата треба да поднесе писмен приговор до Македонски Телеком АД без враќање на оригиналната фактура.

5.1.4 Во врска со фактури кои се веќе платени, приговор за ставка(и) од фактурата не може да се поднесе после 12 (дванаесет) месеци по приемот на фактурата.

5.1.5 Операторот – корисник може – до 10 (десетиот) ден по приемот на фактурата – да даде приговор за фактурата кој влијае на износот кој треба да се плати до датумот на доспевање на оригиналната фактура. Приговорот поднесен по тој датум нема да влијае на износот кој треба да се плати до датумот на доспевање, но поврат на средства се врши со следната фактура по затворањето на истрагата.

## 5.2 Обврски за плаќање во случај на приговор

5.2.1 Поднесениот приговор не дава право да се одбие плаќање на прифатениот дел од фактурата.

5.2.2 Во рок од 3 дена од добивањето на приговорот по фактура Македонски Телеком АД ќе издаде кредитно одобрение на износот за кој се поднесува приговор во согласност со важечкиот закон и ќе го испрати до операторот – корисник. Операторот – корисник треба да ги плати ставките за кои не е поднесен приговор до датумот наведен на првичната фактура.

5.2.3 Во исто време, Страните веднаш ќе отпочнат со усогласување на оспорените ставки врз основа на кои Македонски Телеком АД ќе започне испитување. Испитувањето ќе се заврши во рок од 15 (петнаесет ) дена и во случај на прифаќање Македонски Телеком АД ќе го извести операторот – корисник за одобрениот износ, а во случај на одбивање Македонски Телеком АД ќе издаде и испрати на операторот – корисник известување и дополнителна фактура.

5.2.4 Во однос на оние ставки за кои бил поднесен приговор, а се востановило дека се точни, Македонски Телеком АД може да и  наплати на операторот – корисник казнена камата за периодот помеѓу датумот на доспевање наведен на првичната фактура и датумот за плаќање на дополнителната фактура. Операторот – корисник треба да ја плати дополнителната фактура во рок од осум (8) календарски дена од нејзиното добивање.

5.2.5 Македонски Телеком АД ќе го одбие без истражување секој приговор по фактура доставен од страна на Претплатник на Страната Барател кој се однесува на Услугата обезбедена од операторот – корисник бидејќи таквиот приговор Претплатникот директно ќе го поднесе до операторот – корисник.